КИРМ

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
КОМОРА НА ИЗВРШИТЕЛИ НА
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Бр. 01-1681
04.02. 2008 год.
СКОПЈЕ

**Годишен извештај на работата на Комората на извршители на Република Македонија за периодот од 1 февруари 2007 до 1 февруари 2008 година**

**Почитувани колеги,**

**Согласно членот 67, став 1, точка д, од Законот за извршување, Ви го приложувам, заради разгледувае и усвојување, годишниот извештај за работата на Комората на извршители на Република Македонија, во периодот од 1 февруари 2007 година до 1 февруари 2008 година**

**Општ преглед на поставеноста и активностите на приватните извршители во Република Македонија**

Моментално, вкупниот број на извршители изнесува 49, а истите беа распоредени на 16 подрачја на Основните судови во Република Македонија, се до влегувањето во сила на Правилникот за измени и дополнување на Правилникот за определување на бројот на извршителите за подрачјето на основниот суд и утврдување на критериумите за бројот и распоредот на службените седишта на извршителите на подрачјето на Република Македонија на ден 07.12.2007 година, со кој е зголемен предвидениот број на извршители на вкупно 132 и е намален бројот на подрачја од поранешни 16 на сегашни 11 подрачја на Основни судови и со тоа покрај што е зголемен бројот на предвидени извршители е удоволено и барањето на извршителите од подрачјата на судови кои ја немаат проширената надлежност, согласно член 31 став 2 од Законот за судовите и е зголемена и нивната надлежност.
Од вкупниот број на извршители, 41 извршител пополнија и приложија до КИРМ анкетни листови, по чие сумирање, беа изведени следниве податоци:

**Вкупниот број на вработени лица изнесува –** 126, од кои, 86 се дипломирани правници, 40 од нив имаат положено правосуден испит, додека 19 имаат положено извршителски испит.
Вкупниот број на помошници извршители, од анкетираните 41 извршител, изнесува – 28, додека бројот на заменици на извршители, вработени кај извршителите изнесува 3.
**Во однос на техничката опрема, 41 извршител, во своите канцеларии располагаат со:** 166 компјутери, од кои се речиси сите мрежно поврзани.

Во извештајната година, бројот на **вкупно примени барања за извршување кај 49 извршител,** изнесува **44 174,** додека бројот на **реализирани барања за извршување** изнесува **11 271.**

## I . Техничка и кадрова опременост на КИРМ

Во однос на **техничката опременост** на КИРМ, потребно е да се наведе дека КИРМ располага со 2 Десктоп Компјутери со MS Office, 1 лап топ компјутер, 1 ЛЦД проектор, 3 принтера, 1 факс, 2 статични телефонски апарати, метален сеф, фотељи, мебел и работни бироа, додека **кадровскиот капацитет** на стручната служба на КИРМ, моментално се состои од две лице, кои се наоѓаат во редовен работен однос и тоа: секретар на КИРМ и стручен соработник. Наоѓам за потребно да истакнам дека, во оваа извештајна година заради потребите на КИРМ, како и заради исполнување на законската и статутарна обврска, беа изготвени следниве **книги за евиденција:** книга за депонирање на печат и потпис, именик на извршители, именик на заменици на извршители, именик на помошници на извршители, уписник за дисциплински предмети, книга за влезни фактури, книга за излезни фактури, благајнички дневник

## II. Активности на КИРМ

### II A. Активности на КИРМ преку органите на КИРМ и поважни донесени акти

**1. Собрание на КИРМ,** (составено од сите именувани извршители и заменици на извршители ), во текот на оваа извештајна година има одржано 1 редовно и 5 вонредни собранија, на кои беа донесени следниве поважни акти: Кодекс на професионална етика на извршителите, Деловник за работа на Собрание, Правилникот за дисциплинска одговорност и дисциплинска постапка, Одлука за пристапување на КИРМ во МУСИ, Одлука за пристапување во Евродунавска организација во рамките на МУСИ.
Од активностите на одржаните Собранија, треба да се истакне и: изборот на членови на Дисциплинската комисија, нејзини членови и заменици од редот на судиите, како и изборот на нов претседател на КИРМ.

**2. Управен одбор на КИРМ,** (составен од 7 члена), во текот на оваа извештајна година, има одржано 14 седници на УО, на кои беа донесени следниве поважни акти: одлука за состав на делегација за учество на редовно собрание на МУСИ, одлука за избор на секретар на КИРМ, Усвојување на Правилник за патни и дневни трошоци за членоите на УО на КИРМ, усвојување на Деловник за работа на Управен одбор, одлука за избор на понуда за лого на КИРМ, одлука за избор на потпретседател на КИРМ, одлука за заштита на логото на КИРМ во Државниот завод за индустриска сопственост, одлука за одржување на едукативна средба во Охрид, одлука за набавка на 20 плакети од " Аверс" , на кои е изгравирано логото на КИРМ и името, напишано на македонски, англиски и француски јазик, усвојување на Правилник за висина и надоместок на патни трошоци на членовите на Дисциплинската комисија на КИРМ, одлука за вработување на стручен соработник во КИРМ, одлука за избор на понуда за сметководствени услуги на КИРМ , одлука за утврдување на место и датум на одржување на Редовно Годишно Собрание, одлука за состав на делегација на КИРМ на Годишно Собрание на Бугарската комора на

извршители, усвојување на заклучоците од обуката на Секторот за надзор на нотари, медијатори и извршители, одлука за избор на членови на работна група од редот на КИРМ за изготвување на заеднички прирачник за доменот и начинот на вршење на редовниот и вонредниот надзор од страна на Секторот за надзор при МП, одлука за одржување на состанок помеѓу Комисијата за финансиска соработка при КИРМ со претставници од банките во РМ во врска со законот за платен промет, одлука за избор на двајца извршители за одржување на предавање на правната служба на Прокредит банка, во врска со законот за извршување )

3. **Комисија за стручна едукација на извршители** ( составена од три члена ) во текот на оваа извештајна година, има одржано 4 средби, на кои беа обавени следниве активности: разгледување на дописите на извршителите, упатени до Комисијата, во кои се наведени предлозите за темите на едукативните средби, усвојување на предлог програма со план за едукација на извршители за 2007, донесување на одлука за одржување на семинар во Охрид, донесување на предлог програма за едукативна средба на извршители, усвојување на предлог – заклучоци од одржаната едукативна средба во Охрид на ден 21 и 22. 12.2007 )

4. **Комисија за меѓународна соработка** ( составена од пет члена ) во текот на оваа извештајна година, има одржано 1 средба, на која беше донесена одлука за состав на делегација на КИРМ за присуство на состанокот на Постојаниот Совет на МУСИ и предлог – одлука за воспоставување на соработка со регионалните комори на извршители

5. **Комисија за финансиска соработка** ( составена од три члена ) во текот на оваа извештајна година, има одржано 1 средба, со цел изготвување на писмо за одржување на состанок со претставници од банките во врска со Законот за платен промет. Покрај ова, двајца членови од Комисијата за финансиска соработка, по барање на Прокредит банка, а заради обука на правната служба на оваа банка, одржаа предавање на тема " Законот за извршување – дилеми и нејаснотии .

6. **Дисциплинската комисија на КИРМ** ( составена од двајца членови од редот на извршителите и тројца судии од подрчјето на Основниот суд за кое извршителот е именуван ), во текот на оваа извештајна година, своите активности ги спроведуваше единствено преку членовите на ДК, од редот на извршителите, и тоа, по одржани 3 работни состаноци, се утврди следнава состојба: во Уписникот за Дисциплински предмети се заведени 108 предмети кои ја носат скратеницата ДП. Сите приговори доставени до КИРМ се препратени до Претседателот на Дисциплинската комисија, по што членовите на ДК од редот на извршителите, донесоа заклучоци за секој предмет поединечно.

- за 50 приговори, има доставено одговор на приговор од страна на извршителот, од кои за 37 од истите, се запознаени членовите на ДК од редот на судиите од подрачјето на Основниот суд за кое извршителот е именуван ( 18 – Скопје, 10 – Битола, 4 –Куманово, 2 – Делчево, 2 – Прилеп и 1 –Велес) .
- за останатите приговори е побарано произнесување од страна на извршителот против кој е поднесен приговорот.

Во контекст на останатите приговори, за кои е надлежен да одлучува **Претседателот на КИРМ**, ви ги приложувам следниве податоци: од вкупна бројка од 75 приговори, пристигнати во КИРМ, во текот на оваа извештајна година, беа решени 29.

## II. Б. Активности на КИРМ - одржани едукативни средби , обуки и свечени настани

Во текот на оваа извештајна година, заради стручна обука и едукација на извршителите на РМ, КИРМ одржа 3 едукативни средби, и тоа:

1. Едукативна средба на ден 13 – 15.04.2007, во Струга , на тема " Извршителот како ДДВ обврзник";
2. Едукативна средба на ден 02.07.2007, во Скопје , на тема " Усвојување на Упатство кое ќе содржи целосна постапка за превземање на извршни дејствија од страна на извршителите при извршувањето врз хартии од вредност" ;
3. Едукативна средба на ден 21 -23.12.2007, во Охрид на теми:

- Пренесување на права на користење на земјиште под објект и земјиште за редовна употреба на објектот;
- Наплата на извршни трошоци во случај кога со правосилно судско решение се утврдени неправилности при спроведување на извршувањето од страна на извршителот;
- Статусот на имотот на брачните другари при спроведување на извршувањето: недвижен имот кој се води само на име на должникот – едниот брачен другар, недвижен имот кој се води како заедничка сопственост на двајцата брачни другари, недвижен имот кој се води само на сопружникот на должникот;

4. Подобност на извршна исправа за извршување ( закупнина во нотарски акт и физичка делба по вонпроцесно решение ).

КИРМ, оваа година одржа два **свечени настани** и тоа: прослава на една година од формирање на КИРМ, на ден 08.06.2007, во Клубот на пратеници и Новогодишен коктел, на ден 26.12.2007, во хотел " Континентал".

## II. В Меѓународни активности на КИРМ

Оваа извештајна година, беше од особено значење за етаблирањето и промовирањето на КИРМ на меѓународен план, пред сè, поради зачленувањето на КИРМ во МУСИ, како рамноправна членка, на ден 29 – 30 ноември 2007 година , во Париз, Р. Франција, за време на одржувањето на состанокот на Постојаниот Совет на МУСИ. На овој свечен настан му претходеа две посети на делегацијата на КИРМ во Република Хрватска и Република Романија, и тоа на 8 - 9. 03. 2007 , во Загреб, Р. Хрватска и на 9 – 11. 04.2007 , во Букурешт, Р. Романија. Двете средби имаа единствена цел, промовирање на КИРМ во меѓународни рамки и превземање на неопходните чекори заради пристапување во МУСИ. Со задоволство напоменувам и дека од неодамна ( на ден 26.01.2008 година во Софија ) се воспоставија и билатерални односи помеѓу КИРМ и Бугарската комора на приватни извршители, на чие Годишно Собрание беше поканета да присуствува и делегација од нашата Комора.

## III. Односи на КИРМ со домашни и странски институции

## III. А Односи на КИРМ со домашни институции

**1. Односи со Министерството за правда на РМ**

Нивото на односите помеѓу КИРМ и Министерството за правда на РМ, е од исклучително значење, пред се, поради поставеноста на МП како институција која ја контролира работата на извршителите на РМ и на самата Комора. Овие односи помеѓу КИРМ и МП можат да се дефинираат како добри. Имено, КИРМ во текот на оваа година има одговорено на речиси сите барања кои и биле упатени од страна на МП, во смисла на учество на претставници на КИРМ во работни групи за изготвување на закони, и тоа, измени и дополнувања на Законот за извршување, Законот за постапката за обезбедување на побарувања, Законот за договорен залог, измени и дополнувања на Законот за облигациони односи, учество на тркалезни маси и одговарање на прашалници за потребите на МП, како и ажурно доставување на податоци од секаков карактер за членовите на КИРМ. Треба да се напомене дека беа изготвени нови легитимации за извршителите, како и тоа дека извршителите редовно доставуваат месечни извештаи за својата работа до МП.
Министерството за правда е редовно известувано и консултирано за сите проблеми со кои се соочуваат извршителите во спроведувањето на Законот за извршување, но и за проблемите кои се јавуваат помеѓу КИРМ и останатите институции.
Исто така, претставници од МП, се без исклучок поканувани на сите едукативни средби, семинари и обуки на извршителите, после кои до МП се доставуваат записници, заклучоци и известувања за донесување на акти на КИРМ.
По формирањето на Секторот за надзор над работата на извршителите, нотарите и медијаторите, се оствариja неколку средби помеѓу КИРМ и овој Сектор.
Од последната обука посветена на службениците од овој сектор, на која без поканети и претставници од КИРМ, произлезе заклучокот за заедничко изготвување на Прирачник за обемот и начинот на вршење на редовниот и вонредниот надзор од страна на МП.
Во однос на редовните и редовните надзори, извршени од страна на Секторот за надзор при МП, статистички ви ја претставуваме следната состојба.
До КИРМ, од страна на МП се испратени 9 известувања за изврпшени вонредни и редовни надзори врз работата на осум извршители, при што се констатирани незаконитости во работењето.

**2. Односи на КИРМ со други институции**

КИРМ иницира одржување на средби со сите институции, кои имаат допирни точки со работата на извршителите, со цел да се изнајдат решенија за конкретни проблеми на кои наидуваат извршителите при вршењето на нивната работа.
**Со Министерството за внатрешни работи на РМ,** беа остварени две средби со цел решавање на проблемот со заплена на моторни возила кои се предмет на извршување. Овие средби завршија со заклучок за изготвување на Меморандум за соработка помеѓу двете институции.
**Со Управата за јавни приходи,** по долгите образложенија и преписки од страна на свете установи во врска со основаноста на обврската за извршителите да плаќаат ДДВ , извршителите станаа ДДВ обврзници.
**Со Државното правобранителство на РМ ,** во текот на оваа година без остварени четири средби, заради надминување на проблемите на кои наидуваше оваа институција при спроведувањето на Законот за извршување, а особено заради разрешување на прашањето за наплатата на административните трошоци на извршителите. По последниот

одржан состанок во просториите на КИРМ, помеѓу КИРМ, Министерството за финансии и ДПМ, беше донесен заклучок да се одржи уште една работна средба.

Што се однесува до активноста на КИРМ со **основните судови на подрачјето на Република Македонија**, КИРМ ги проследува решенијата за времена мерка, до сите извршители на подрачјето на судот кој го донесува решението.

Во врска со остварените односи со **банките во РМ,** КИРМ досега оствари една средба со Прокредит банка, по која претставници од КИРМ беа поканети да учествуваат на семинар на банката во својство на предавачи.

Во најскоро време, ќе се одржи состанок на претставници на КИРМ со претставници од повеќето банки, заради разгледување на законот за платен промет.

Односот на КИРМ, со Адвокатската и Нотарската комора е задоволителен, при што може да се истакне средбата помеѓу претставници на КИРМ со претставници на **Адвокатската комора на Република Македонија,** на која се разгледуваа прашањата за трошоците на адвокатот во извршна постапка, полномошно на адвокатот, наплата на жиро сметка на адвокатот во извршна постапка.

## III Б. Односи на КИРМ со невладини и странски институции

На големо задоволство на КИРМ и оваа година продолжи соработката помеѓу КИРМ и **УСАИД / проектот за имплементација на судските реформи**, која несомнено ќе подразбира голема помош и олеснување за КИРМ, при трансферот на предмети од судовите кај извршителите, но и можност за извршителите да присуствуваат на обуки и семинари, финансиски покрепени од овој проект.

Неодамнешното зачленување на КИРМ во **МУСИ и во Евродунавската организација,** како дел од МУСИ, подразбира учество на состаноци и средби кои овие организации редовно ги одржуваат, а на кои и КИРМ во иднина ќе земе активно учество.

Со присуството на делегација на КИРМ на Собранието на **Бугарската комора на приватни извршители** , воспоставена е одлична иницијална билатерална соработка.

КИРМ доби и срдечно ја прифати поканата за соработка со регионалните комори на извршители, во рамките на **проектот " Регионална програма за поддршка на правото на извршување во земјите Западен балкан",** во организација на холандски проект.

## IV. Планови на КИРМ за 2008 година

Плановите на КИРМ за следната година, на полето на финасиите, се насочени кон нов прилив од членарина на новоименуваните извршители. Се очекува да бидат именувани поголем број на извршители, од страна на Министерот за правда на РМ.

Особен акцент се планира да биде ставен на континуираната едукација на извршителите и тоа преку одржување на поголем број на едукативни средби и семинари, на кои како предавачи ќе бидат поканети домашни и странски експерти од сферата на извршувањето , но и на останатите области на правото.

Меѓународната промоција и активност на КИРМ ќе продолжи да биде една од битните цели на КИРМ, и се надевам дека истата ќе биде многу полесно остварена, после приемот на КИРМ во МУСИ, но КИРМ си поставува задача да иницира средби со регионалните

комори и да ги зацврсти билатералните односи со истите, заради размена на искуста и црпење на знаења.

Во однос на релациите со домашните институции, нам ни е мошне важно да се задржи и подобри соработката со МП особено, а како најбитно, успешно да се изготви Прирачникот за доменот и начинот на вршење на редовниот и вонредниот надзор над извршителите, се со цел да изгради взаемна доверба и кооперативност.

Иако очекуваме тешкотии, сепак се надеваме на успешен трансфер на предметите од судовите кај извршителите.

За крај, би сакал да го истакнам незадоволителното ниво на комуникација со медиумите и истото да го поставам како прашање кое треба да се разгледа, заради запознавање на јавноста со работата на извршителите и на комората како нивна матчна институција.

Во оваа смисла, и повторно заради транспарентност на работата на КИРМ, следната година, наша задача ќе биде изготвувањето на квалитетна веб страна и нејзино редовно ажурирање, како и издавање на информативно гласило на КИРМ.

**Скопје, 04. 02. 2008**

**КОМОРА НА ИЗВРШИТЕЛИ**
**НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**Претседател,**
**Антонио Коштанов**